Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16 и 53/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24.06. 2016 година, донесе

# У Р Е Д Б А
# ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2016 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.2/16, 27/16, 50/16, 68/16, 99/16 и 112/16) во членот 2 ставот (2) по подмерката 1.18. се додава нова подмерка 1.19. која гласи:

| | | |
|---|---|---|
| 1.19. | Директни плаќања за произведена и предадена оризова арпа од реколта 2015 година во регистрирани откупни претпријатија | -Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат остварено производство од оризова арпа од реколта 2015 година а ќе го предадат во регистрирани откупни претпријатија за откуп во период од 1 јули до 31 јули 2016 година и кои имале стекнато статус на корисници од подмерката 1.1. согласно Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2015 година.<br><br>- При пресметка на директните плаќања се земаат во предвид само количините кои не надминуваат 5,5 тони по хектар.<br><br>-Висината на директните плаќања изнесува 5,00 ден/кг за пријавени производни капацитети со ориз до 2 хектари, 4,00 ден/кг за пријавени производни капацитети со ориз од 2,0001 хектари до 10 хектари и 3,00 ден/кг за пријавени производни капацитети со ориз над 10 хектари. |

Член 2

По точката 5 се додава нова точка 6 која гласи:

„6.За подмерката 1.19. од член 2 став (2) од оваа уредба крајниот рок за поднесување на барања е 31 август 2016 година.“ .

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-5062/1
24 јуни 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот на
Владата на Република
Македонија,
**м-р Владимир Пешевски,** с.р